РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 31.03.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 2392/1 | 0 | |


ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Павле Арсоски
Даниел Стојчевски
Весна Бенѓевска
Бобан Карапејовски
Даниела Бешковска
Valbona Adili-Emin
Љупчо Пренџов
Зекирија Таири

ПРЕДЛАГАЧ: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА,

ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, март 2026 година

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Во Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата е уредено безбедноста и заштитата на патиштата, основните начела и меѓусебните односи на учесниците и другите субјекти во сообраќајот на патиштата, правилата на сообраќајот на патиштата, системот на сообраќајните знаци, опремата и сигнализацијата на патиштата, должностите во случај на сообраќајна незгода, кандидати за возачи, возачи, автошколи, испитни центари и возачки дозволи, оспособувањето за управување и текнување право на управување со моторно возило и прекршочната постапка за деца, посебните мерки на безбедност, организацијата и задачите на советите за безбедност на сообраќајот на патиштата, евиденциите и заштитата на податоците, прекршочните одредби и овластувањата за подзаконски прописи.

Според Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, возач е лице кое управува со моторно возило или друго превозно средство на пат. Ова вклучува: лица кои управуваат со автомобили, мотоцикли, автобуси, камиони и слично. Исто така, лица кои управуваат со велосипеди, мопеди, трактори, и други нерегистрирани превозни средства на патиштата, се сметаат за возачи во одреден контекст на законот.

Возачката дозвола е официјален документ што овозможува управување со возило од соодветна категорија. Право на управување со возило може да стекне лице кое ги исполнува законски пропишани услови.

Согласно Европската директива 2006/126/ЕЗ, во Европската Унија, можноста за управување на мотоцикл до 125 см³ варира во зависност од земјата. Некои земји на Европската Унија го дозволуваат тоа под специфични услови, како на пример поседување на дозвола од Б категорија, одреден број години со Б категорија или заврушање на дополнителна обука. Во некои на самата возачка дозвола мора да се допише посебен национален код со кој што возачот кој поседува возачка дозвола Б категорија, ќе има право да управува мотоцикл до 125 см³ од категоријата А1.

Држави каде може да се управува мотоцикл до 125 см³ со возачка дозвола од Б категорија се: Шпанија, Грција, Португалија, Франција, Австрија, Чешка, Белгија, Луксенбург, Словенија, Полска и др.

На пример, во Италија на возачите со Б категорија им е дозволено да управуваат мотоцикл до 125 cm³ без полагање дополнителен возачки испит, под услов да поседуваат возачка дозвола одреден временски период.

Слично решение постои и во Франција, каде што возачите со Б категорија можат да управуваат мотоцикл до 125 cm³ по завршување на кратка дополнителна обука.

Во Шпанија, лицата кои имаат Б категорија најмалку три години можат да управуваат мотоцикл до 125 cm³ без дополнителен испит.

Ваквите решенија се воведени со цел да се поттикне користењето на помали и поекономични моторни возила, да се намали сообраќајниот метеж во урбаните средини и да се подобри мобилноста на граѓаните, при што истовремено се задржува соодветно ниво на безбедност преку дополнителна обука или временски услов за поседување на возачка дозвола.

Со овој Предлог на закон се придвидува возачот кој поседува возачка дозвола од Б категорија, да има право да управува мотоцикли со автоматски менувач од категоријата „А1“ чија работна зафатнина на моторот не е поголема од 125 см³ и чија сила на моторот не е поголема од 11 kw и соодносот на јачината на моторот и масата на возилото не надминува 0.1 kw/kg, откако ќе наполни 23 години и минимум 5 години важечка возачка

дозвола од категорија „Б“ и поседува потврда за посета на 4 часовна теоретска обука и која важи само на територијата на Република Северна Македонија.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на овој Предлог на закон е да се овозможи возачот кој поседува возачка дозвола од Б категорија и поседува потврда за посета на 4 часовна теоретска обука, да има право да управува мотоцикли со автоматски менувач од категоријата „А1 и ова право ќе важи исклучиво на територијата на Република Северна Македонија.

Со предложеното законско решение се овозможува поголема флексибилност во користењето на полесни моторни возила, особено во урбаните средини каде што сообраќајниот метеж е изразен. Мотоциклите од категоријата „А1“, особено оние со автоматски менувач, претставуваат практично и економично превозно средство кое зафаќа помал простор на патиштата и при паркирање.

Предложеното решение ќе овозможи подобрување на протокот на сообраќајот во урбаните средини, особено во услови кога најчесто се јавува појавата „еден човек – едно возило“, поголема мобилност на граѓаните и полесен пристап до работни места, услуги и други активности, особено во урбаните средини.

Република Северна Македонија е претежно ридско-планинска земја, со значителен број населени места кои се наоѓаат во ридски и планински подрачја. Во вакви услови, мотоциклите и полесните моторни возила претставуваат практично и ефикасно превозно средство, особено на пократки релации и во места каде пристапот и паркирањето со автомобил е отежнато.

Со зголемената употреба на помали моторни возила се очекува намалување на емисиите на штетни гасови и на сообраќајниот метеж. Ова ќе придонесе за подобрување на проточноста на сообраќајот, скратување на времето на задржување на возилата и намалување на загадувањето во урбаните средини. Како резултат на тоа, директно ќе се подобри квалитетот на воздухот.

Со предвидената обврска за посетување на кратка теоретска обука се обезбедува основно познавање на специфичностите при управување со мотоцикл, со што се придонесува кон одржување на сообраќајната безбедност.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлог на закон не предизвикува финансиски последици врз Буџетот на Република Северна Македонија и другите јавни финансиски средства.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предлогот на закон не предвидува дополнителни фискални импликации по Буџетот на Република Северна Македонија

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлогот на закон по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

Член 1

Во Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ број 169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18, 191/18, 70/19 и 98/19 и Службен весник на Република Северна Македонија број 302/20, 122/21, 33/24, 208/24, 193/25, 258/25 и 58/26), во членот 301 по став (23) се додава нов став (24) кој гласи:

„(24) Возач на кого му е издадена возачка дозвола од категоријата „Б“ има право да управува и со мотоцикли со автоматски менувач од категоријата „А1“ чија работна зафатнина на моторот не е поголема од 125 cm³ и чија сила на моторот не е поголема од 11 kw и соодносот на јачината на моторот и масата на возилото не надминува 0.1 kw/kg, откако ќе наполни 23 години, поседува минимум 5 години важечка возачка дозвола од категорија „Б“ и поседува потврда за посета на 4 часа сообраќајни правила и прописи за управување со мотоцкл до 125 cm³ (теоретска обука), само на територијата на Република Северна Македонија.“.

Ставовите (24), (25), (26), (27), (28), (29) и (30) стануваат ставови (25), (26), (27), (28), (29), (30) и (31).

Член 2

Содржината на обуката, формата, содржината на потврдата и начинот на водење на евиденција за издадени потврди за посета на 4 часа сообраќајни правила и прописи за управување со мотоцкл до 125 cm³ (теоретска обука) од членот 1 од овој закон ја пропишува министерот за внатрешни работи во рок од 15 дена од денот на влегување во сила на овој закон.

Автошколата ја издава потврдата за посета на 4 часа сообраќајни правила и прописи за управување со мотоцкл до 125 cm³ (теоретска обука) од членот 1 од овој закон и го известува Министерството за внатрешни работи кое води посебна евиденција.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

### I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ

Предлогот на содржи 3 члена

Со членот 1 се дополнува членот 301 со нов став (24) со кој се предвидува возачот кој поседува возачка дозвола од Б категорија, да има право да управува мотоцикли со автоматски менувач од категоријата „А1“ чија работна зафатнина на моторот не е поголема од 125 $cm^3$ и чија сила на моторот не е поголема од 11 kw и соодносот на јачината на моторот и масата на возилото не надминува 0.1 kw/kg, откако ќе наполни 23 години и минимум 5 години важечка возачка дозвола од категорија „Б“ и поседува потврда за посета на 4 часовна теоретска обука и кој важи само на територијата на Република Северна Македонија.

Со членот 2 министерот за внатрешни работи во рок од 15 дена од денот на влегување во сила на овој закон ќе ја пропише содржината на обуката, формата и содржината на потврдата и начинот на водење на евиденција за издадени потврди за посета на 4 часа сообраќајни правила и прописи за управување со мотоцкл до 125 $cm^3$ (теоретска обука) и автошколата ја издава потврдата за посета на 4 часа сообраќајни правила и прописи за управување со мотоцкл до 125 $cm^3$ и го известува Министерството за внатрешни работи кое води посебна евиденција.

Со членот 3 е влегува во сила на овој закон.

### II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и претставуваат една правна целина.

### III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Предложеното законско решенија се очекуваат повеќе позитивни последици во областа на сообраќајот, мобилноста и заштитата на животната средина и со тоа ќе се олесни користењето на полесни и поекономични превозни средства, особено во урбаните средини со што ќе се придонесе за намалување на емисиите на штетни гасови и загадувањето на воздухот, особено во поголемите урбани средини.

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ

Член 301

(1) Возачката дозвола се издава за управување со моторни и приклучни возила кои се распоредуваат во категориите ,,АМ“, „А1“, „А2“, „А“, ,„Б“, ,„БЕ“, ,,Ц1“, ,,Ц1Е“, „Ц“, „ЦЕ“, ,,Д1“, „Д1Е“, „Д“ и ,,ДЕ“ и во националните категории ,,Ф”, ,,Г“ и ,,Т“.

(2) Во категоријата „АМ“ спаѓаат мопеди, мотокултиватор, односно возила на две или три тркала со максимална брзина која не надминува 45 km/h и лесни четирицикли.

(3) Во категоријата „А1“ спаѓаат мотоцикли чија работна зафатнина на моторот не е поголема од 125 $cm^3$ и чија сила на моторот не е поголема од 11 kw и соодносот на јачината на моторот и масата на возилото не надминува 0.1 kw/kg, како и трицикли со моќност помала од 15 kw.

(4) Во категоријата „А2“ спаѓаат мотоцикли со или без бочна приколка сила на мотор која не е поголема од 35 kw и соодносот меѓу јачината на мотор и масата на возилото не е поголем од 0.2 kW/kg, но не потекнуваат од возило со двојно поголема моќност.

(5) Во категоријата ,,А“ спаѓаат мотоцикли со или без бочна приколка, како и трицикли со моќност поголема од 15 kw.

(6) Во категоријата ,,Б“ спаѓаат моторните возила чија најголема дозволена маса не надминува 3.500 kg, кои немаат повеќе од осум седишта не сметајќи го седиштето на возачот, на кои можат да се придодадат приклучни возила, чија најголема дозволена маса не надминува 750 kg согласно со прописите од областа на единечно одобрение на возило. Моторните возила од оваа категорија можат да се комбинираат со приклучни возила со најголема дозволена маса поголема од 750 kg, под услов најголемата дозволена маса на комбинацијата на возила да не надминува 4.250 kg.

(7) Во категоријата „БЕ“ спаѓаат комбинација на возила влечени од страна на возило од категорија „Б“, при што најголема дозволена маса на приклучното возило не надминува 3.500 kg согласно со прописите од областа на единечно одобрение на возила.

(8) Во категоријата „Ц1“ спаѓаат моторни возила кои не спаѓаат во категориите „Д1“ или „Д“, чијашто најголема дозволена маса е поголема од 3.500 kg, но помала од 7.500 kg, кои се конструирани за пренос на не повеќе од осум патници покрај возачот. Моторните возила од оваа категорија можат да се комбинираат со приколка со најголема дозволена маса помала од 750 kg.

(9) Во категоријата „Ц1Е“ спаѓа група на возила влечени од страна на возило од категорија „Ц1“ и чија најголема дозволена маса на приклучно возило е поголема од 750 kg, притоа групата да не надминува 12.000 kg, како и група на возила влечена од страна на возило од категорија „Б“ чија најголема дозволена маса на приколка надминува над 3.500 kg, без притоа групата на возила да не надминува 12.000 kg согласно со прописите од областа на единечно одобрение на возила.

(10) Во категоријата „Ц“ спаѓаат моторни возила кои не спаѓаат во категориите „Д1“ или „Д“ чија најголема дозволена маса надминува 3.500 kg, а кои се конструирани за превоз на не повеќе од осум патници покрај возачот и истите може да се комбинираат со приколка чија најголема дозволена маса е помала од 750 kg.

(11) Во категоријата „ЦЕ“ спаѓаат група на возила влечени од страна на возило кое припаѓа во категорија „Ц“ на кое може да биде придодадено приклучно возило чија најголема дозволена маса е поголема од 750 kg согласно со прописите од областа на единечно одобрение на возила.

(12) Во категоријата „Д1“ спаѓаат моторни возила за превоз на лица кои покрај седиштето на возачот имаат повеќе од осум, но не повеќе 16 седишта и чија вкупна

должина не надминува осум метри и може да се комбинира со приколка чија најголема дозволена маса на приколката е помала од 750 kg.

(13) Во категоријата „Д1Е“ спаѓаат група на возила влечени од страна на возило кое спаѓа во категоријата „Д1“ со најголема дозволена маса на приколката поголема од 750 kg согласно со прописите од областа на единечно одобрение на возила.

(14) Во категоријата „Д“ спаѓаат моторни возила за превоз на патници кои имаат повеќе од осум седишта, покрај седиштето на возачот и може да се комбинираат со приколка чија најголема дозволена маса е помала од 750 kg.

(15) Во категоријата „ДЕ“ спаѓаат група на возила влечени од страна на возило од категорија „Д“ чија најголема дозволена маса на приколката е поголема од 750 kg согласно со прописите од областа на единечно одобрение на возила.

(16) Во национална категорија ,,Ф” спаѓаат трактори со или без тракторски приколки. Со дозволата за управување на возилата од оваа национална категорија, може да се управуваат и возилата кои спаѓаат во националната категорија „Г“.

(17) Во национална категорија ,,Г“ спаѓаат мобилни машини. Со дозволата за управување на возилата од оваа национална категорија, може да се управуваат и мотокултиватори.

(18) Во национална категорија „Т“ спаѓаат трамваи.

(19) Возач на кого му е издадена возачка дозвола од категоријата „А1“ има право да управува и со моторни возила кои спаѓаат во категоријата „АМ“.

(20) Возач на кого му е издадена возачка дозвола од категоријата „А“ има право да управува и со моторни возила кои спаѓаат во категориите „АМ“, „А1“ и „А2“.

(21) Возач на кого му е издадена возачка дозвола од категоријата „А2“ има право да управува и со моторни возила кои спаѓаат во категориите „АМ“ и „А1“.

(22) Возач на кого му е издадена возачка дозвола од категоријата „Б“ има право да управува и со моторни возила кои спаѓаат во категоријата „АМ“ и националните категории „Ф “ и „Г“.

(23) Возач на кого му е издадена возачка дозвола од категоријата „Б“ може да управува и со трицикли чија јачина на мотор не поминува 15 kw, откако ќе наполни 21 година како и со четирицикли.

(24) Возач на кого му е издадена возачка дозвола од категоријата „Ц1“ има право да и управува со моторни возила кои спаѓаат во категориите „АМ“ и „Б“ и националните категории „Ф “ и „Г“.

(25) Возач на кого му е издадена возачка дозвола од категориите „Ц1Е“, „ЦЕ“, „Д1Е“ и „ДЕ“ има право да управува и со моторни возила кои спаѓаат во категоријата „БЕ“.

(26) Возач на кого му е издадена возачка дозвола од категоријата „Ц“ има право да управува и со моторни возила кои спаѓаат во категориите „АМ“, „Б“, „Ц1“ и националните категории „Ф “ и „Г“.

(27) Возач на кого му е издадена возачка дозвола од категоријата „ЦЕ“ има право да управува и со моторни возила кои спаѓаат во категоријата „ДЕ“, доколку поседува возачка дозвола од категоријата „Д“.

(28) Возач на кого му е издадена возачка дозвола од категоријата „Д“ има право да управува и со моторни возила кои спаѓаат во категориите „АМ“, „Б“, „Ц1“, „Ц“ и „Д1“ и националните категории „Ф“ и „Г“.

(29) Возач на кого му е издадена возачка дозвола од категориите „ЦЕ“ и „ДЕ“ има право да управува и со моторни возила кои спаѓаат во категориите „Ц1Е“ и „Д1Е“.

(30) Возач на кого му е издадена возачка дозвола од категориите „Б“, „Ц1“, „Ц“, „Д1“ и „Д“ има право да управува и со моторни возила со приклучна приколка, доколку вкупната маса не надминува над 750 kg.